## 2. Манифестација на виктимизацијата и ранливоста

Не секоја жена има еднаков степен на виктимизација и еднакви последици од неа. Дури и кога се работи за исти или слични прилики на стореното кривично дело во кое се нашле, едни развиваат сериозни ментално – здравствени последици, а врз други состојбата на виктимизација оставила полатентни отпечатоци. Дури во одредени ситуации, освен што не развиваат посттрауматско стресно растројство (“postr traumatic stress disorder” – PTSD), можат, навидум, да делуваат и многу смирени, опуштени и да оставаат впечаток на воопшто „недопрени“ од виктимизацијата. Сепак, кога спектарот на резултати и исходи се проширува и се вклучува анализа на останати фактори, само тогаш може да се види целосната слика. Па така, додека едни развиваат ваков синдром и имаат ментално-здравствени последици и навлегуваат во сферата на депресии, а за другите се мисли дека го „избегнале овој куршум“, тие најчесто се оддаваат на злоупотреба на супстанци, развивање на зависности или некакви физички проблеми. Нормално, постои и мала група која, на поглед, е поригидна на виктимизација. Тоа најчесто и се врзува за степенот на резистентност кој жената го развива кон опасни ситуации и кон стресни настани[542].

Литературата започна да ги истражува поврзаностите меѓу повторуваните виктимизаторски искуства и физичкото здравје. Студии за физичката болка, гинекологијата, гастроентерологијата, имунологијата и сл. Почнуваат да ја отвораат вратата за разбирањето на придонесот на повеќето фактори во создавање на состојба на виктимизација на деца или виктимизација на возрасни. Истражувањата кои би игнорирале еден или друг фактор (на пример зависноста од супстанци и сл.) се еднакви на неуспех. Досега, во светски рамки, многу внимание е, на пример, посветено на објаснувањето на посттрауматските нарушувања врзани за стресот претрпен од изложеноста на бојно поле и развивањето на соодветна зависност од супстанци, но за жената, при објаснувањето на нејзината виктимизаторска историја, нешто слично скоро и да не е вршено. Ако се осврнеме на сличностите и разликите помеѓу психичките последици на ветераните и нивното врзување со

[542] Logan, TK., Walker, R., Jordan, C., Leukefeld, C., Woman and Victimization, Contributing Factors, Interventions and Implications, American Psychological Association, Washington, DC, 2006;

посттрауматскиот стрес синдром и развивање на алкохолизам и сл. И долгогодишно малтретирање на жената и развивањето кај неа на ваков, синдром или зависност, многу нешта можат да станат појасни.

За жал, виктимизацијата за жената не е страна или ретка појава. Испитувања кои се прават даваат резултати дека скоро секоја втора или трета жена претрпела физичко насилство и била жртва во рамки на семејството, а особено надвладуваат оние во раното детство. Виктимизацијата на базично ниво, претставува стресен настан на кој му претходат ранливи фактори, а кој е проследен со акутни и хронични последици по здравјето на жртвата. И најчесто она на кое најмногу се посветува внимание по претрпена виктимизација за лицето се споменатите здравствените проблеми кои се создаваат.  Гледано од ниво на **манифестацијата на виктимизацијата и ранливоста**, овие проблеми се делат во три основни категории:

акутни[543],

хронични[544]

здравствени проблеми врзани со стресот[545].

Последните најчесто се преклопуваат со проблемите со физичкото и менталното здравје и вклучуваат нарушувања на исхраната, проблеми со спиењето, немалигна болка и сл. И покрај тоа што ваквите проблеми се презентираат линеарно и со некаков ред, во пракса тоа не е случај. Имено, жената која е виктимизирана најдобро би можела да се разбере преку „теоријата на хаосот“. Физичките здравствени проблеми кои можат да настанат се преплетуваат со ментално-здравствените проблеми, првите придонесуваат за појава или зајакнување на вторите и обратно. На пример, депресијата често е резултат на кардиоваскуларни заболувања и го зголемува ризикот од кардиоваскуларни причини за смртност. „Посттрауматскиот стрес синдром“ може да придонесе за појава на астма, артритис, болки во половината, егзема и сл. Затоа и најбитно е разбирањето на интеракцијата и влијанието на факторите, но и на последиците едни со други.

Најтешка последица, гледано од аспект на *физичкото здравје*, која може да се јави од ваква виктимизација е смртта. Останатите видови на последици се, исто така, значително битни. Се работи за акутни проблеми врзани со претрпената повреда кои се задржуваат на подолг рок, а за некои жени значат и оштетена способност да функционираат воопшто, што укажува на тоа дека насилството кон жените и нивната виктимизирана положба, произлезена од кое било кривично дело, конструира огромни здравствено – физички проблеми за жената. Резултати од истражување во САД дале податок дека насилството врз жените има и значителни финансиски издатоци како за жртвата така и за општеството во глобала. Имено, проценето е дека секое пријавено насилство од страна на

[543] Најчести примери за акутни проблеми за жени жртви на насилства: подливи, расекотини, скршеници, вагинални трауми, повреди на главата.;

[544] Примери за хронични проблеми за жени жртви на насилства: гастроинтестинални проблеми, чир на желудникот, генитална иритација, болни односи, хронична пелвична болка и други гинеколошки проблеми, когнитивни тешкотии, хронични главоболки и вртоглавица, како и недијагностицирани проблеми со слухот, видот и концентрацијата, кои може да укаже на можни невролошки проблеми од повреди на главата, артритис, дијабетес, епилепсија, висок крвен притисок и мигрена.;

[545] Примери: недијагностицирана болка во градите и абдоменот, чувство на гушење, дијареја, запек, отежнато дишење, замор, нарушен сон, пореметени редоследи на оброците, како и губење на апетит, вагиналното горење и болната менструација. За жените кои се нашле во виктимизирана состојба за време на бременост, евидентирани се сериозни ефекти врз развојот на плодот, вклучувајќи и негативни влијанија врз должината на гестацијата, раѓањето на новороденчињата, неонаталните компликации и разновидноста на невроразвојните проблеми кај новороденчињата. Засебно би го издвоиле “chronic irritable bowel syndrome, IBS”, односно синдромот на нервозно дебело црево каде е особено нагласена болката во абдоменот, запек и/или дијареја.

жената и покренување на соодветна постапка и соодветен третман на жртвата чини околу 86 500 американски долари, кога се работи за силување, а нападот е проценет на 9 350 американски долари. Предвид се земаат медицинската нега, негата на менталното здравје на жртвата, изгубена продуктивност кај жртвата, ангажман на социјалните служби, оштетување на имот кој најчесто ги следи ваквите напади, а најмногу изгубениот квалитет на животот[546].

На полето на *менталното, односно психичкото здравје*, забележливо е значително поголем проблем за жената – жртва. Во виктимизационата историја на жената менталните последици се чини дека превладуваат над физичките, и тоа значително повеќе. Се мисли особено на расположението кај жената, анксиозноста, депресијата и афективни нарушувања на личноста. Како два водечки ментални проблеми кои се јавуваат кај виктимизираната жена се споменатиот посттрауматски стрес синдром (PTSS) проследен со посттрауматско стресно нарушување (PTSD) и силната депресија.[547] Нарушувањата во оваа насока и нуспојавите од нив се скоро секогаш присутни и секогаш интензивни кај виктимизираните жени, што не е случај со жените кои не претрпеле виктимизација. Коморбидитетите, односно копојавата на две, понекогаш и повеќе, ментални нарушувања се исто така честа појава и потребни за земање предвид како засебна состојба во напорите создавање на соодветен, индивидуализиран третман на виктимизаираната жената. Така, евидентирани се анксиозни нарушувања со депресија, потоа афективни нарушувања со нарушувања на личноста, злоупотреба на супстанци со нарушувања на расположението, дисоцијативни нарушувања и манија и сл.[548] Самата употреба, односно злоупотреба на алкохол, дроги и останати супстанци за жената е најчест знак за постоење на виктимизациска историја. Хроничната сексуална злоупотреба, потоа физичка, а во одредена мера и психичка, најчесто водат кон тоа жената да започне со злоупотреба на супстанци многу пред вистинско појавување на некакво ментално нарушување и најчесто во периодот на адолесценцијата (12-18 год).

Што значи, виктимизацијата на жената бележи постапно здружување со (зло)употребата на супстанци, поголемата стапка на сексуално или физичко злоставување е поврзано со поголема сериозност во ваквата употреба на супстанците, меѓу кои и одредени видови на лекови кои се издаваат попрепорака на лекар. За виктимизираната жена, употребата на вакви лекови на рецепт која со годините почнува да наликува на злоупотреба, е многу почеста појава одошто кај мажите. Се врзува со депресијата која почесто ги погодува жените и тоа што во случаи на депресија жената бара медицинска помош, за разлика од мажот кој тоа го прави особено ретко. Високата стапка на нивна злоупотреба не непосредно резултат на менталните и здравствените проблеми кои произлегуваат од виктимизацијата. Антиаксијативни агенси (вклучувајќи анксиолитици, седативи и хипнотиците), како што се бензодиазепините, најчесто се користат за лекување на физички здравствени состојби, за кои пак физички состојби се верува дека имаат психолошко потекло или компонента. Ова е важно да се потенцира во делот на виктимизацијата затоа што е забележливо дека употребата на алкохол, дрога, односно злоупотребата на препишани лекови и слични супстанци, за жената имаат значителни последици по нејзиното физичко и ментално здравје. На пример, жената полесно развива проблеми со црниот дроб за многу помал период на консумација на алкохол и во значително помали количини во споредба со мажот. Зголемената употреба на супстанци кај жената отвора поголема можност и поголем ризик од повреди, во споредба со оние кои не консумираат вакви супстанци, но и во споредба со мажите корисници на вакви супстанци. И покрај тоа што ваквите злоупотреби на супстанци сами по себе значат огромни финансиски издатоци за зависникот,

---

[546] Ibid, стр.10, авторите нагласуваат дека од денешен аспект ваквите проценети трошоци би требало да се значително покачени, бидејќи истражувањето е вршено врз база на вредноста на доларот неколку години пред пишувањето на трудот со резултатите од истражувањето;
[547] Wolhunter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology, Victimization and Victims' Rights, Routledge – Cavendish, Taylor & Francis Group, New Yourk, 2009, pg. 53;
[548] Logan, TK., Walker, R., Jordan, C., Leukefeld, C., Woman and Victimization, Contributing Factors, Interventions and Implications, American Psychological Association, Washington, DC, 2006 pg..11;

сепак најголемиот дел од жени зависници воопшто не се подведуваат под третмани за нивно откажување. Преклопувањето на виктимизацијата со проблемите со менталното здравје и (зло)употребата на супстанци, се особено карактеристични и нагласени за жената. Препознавањето и потврдувањето на влијанието на овие меѓусебни односи, е од клучно значење за развивање на ефикасен третман и подобро разбирање на специфичните фактори и механизми кои придонесуваат за создавање на овие проблеми кај жените.

### 3. Фактори поврзани со животен стил

Покрај манифестацијата на виктимизацијата и ранливоста, како дел од рамката на надворешни фактори за сторување од жената жртва, авторите го споменуваат и **факторот – животен стил, или начинот на живеење**. Ова е значајно за придонесување на проучувањата на виктимологијата кај жената од причини што често во практиката се среќаваат изрази од типот „таа одлучила да стане жртва“, односно дека вршењето на кривичното дело кој неа, особено сексуално насилство, е нејзин избор и дека постоела нејзина претходна согласност. Одредено однесување на личноста и изборот на животен стил, не подразбираат и избор на виктимизација. Сепак, во пракса, ненамерни и непредвидливи активности можат да имаат несакани ефекти. Исто така, одреден животен стил, колку и сам по себе да изгледа дека е опционален, дека личноста го избрала самата, може да е всушност единствен начин на преживување на лицето или некаков автоматскуи одговор на организмот. Ризиците кои ги носи животниот стил и нивното подобро разбирање не оди во насока на теретење на жртвата за нејзин придонес кон сопствената виктимизација. Со други зборови, да се товари жената дека со животниот стил го предизвикувала сопственото виктимизирање или дека постои нејзина намера за учество во едно кривично дело како жртва, значи дека жената треба да има свесна идеја за настанот кој претстои (пр. Насилство), да го посакува исходот од настанот и да преземе сериозни чекори кон негова реализација.[549] Така и литературата не познава докази за тоа дека животниот стил на поединец, колку и да е деструктивен, придонесува за ваква посакувана виктимизација. Но, од друга страна, сведочиме за покачен ризик од виктимизација за одредени лица со оглед на нивниот животен стил. За тоа придонесуваат три клучни фактора: 1) поврзаноста на жената со други лица, 2) туѓата перцепција за женската ранливост, и 3) перцепцијата за ризик на самата жена, односно очекуваниот ризик.

Така, поврзаноста со други лица подразбира колку и во која мера жената е поврзана со сторители на кривични дела, на секојдневна база. Според ваквата теорија која го вклучува животниот стил како ризик фактор, важно е колку во секојдневни интервали престапниците можат да ја следат ранливоста на жената, па колку повеќе ја наоѓаат како ранлива, толку повеќе се зголемува и интезивира ризик факторот за виктимизација[550]. Или, поврзано со развиена зависност кон одреден наркотик, алкохол или сл., на лице со кое е во секојдневен контакт. Колку контактите со вакви лица се поблиски и почести, се смета дека ризик факторот на животниот стил е позасилен во насока за виктимизацијата на жената. Особено, кога се работи за кривични дела врзани со насилство врз жената. Потоа, честото престојување во места каде ризик – факторот за виктимизација е, објективно, позасилен, како барови, журки и сл. Контактот со агресивни лица, исто така, значи степен на поголема изложеност на виктимизација. Сепак, изложеноста на контакти со престапниците не значи дека изолирано придонесува за нејзина виктимизација. Тука, во практиката често се споменуваат и консумацијата или зависноста од супстанци, проблеми со менталното здравје, значително активен сексуален живот со повеќе партнери во исто време, потоа менување на секс за дрога или пари (каде што во пракса и најчесто се виктимизирани жените), и сл.

Понатаму, во однос на перцептивната ранливоста на жената, во однос на туѓата перцепција, најчесто се алудира на фактот дека престапниците и потенцијалните престапници скоро секогаш го

[549] Ibid, стр. 51,52;
[550] Felson, M., Crime and everyday life (2nd ed.). Thousand Oaks, CA: Pine Forge Press, 1998.

забележуваат користењето или зависноста на жената од супстанци, особено алкохол, и истото го земаат како показател за ранливоста кај жената. Ова го вклучува и моментот кога мажот знае за ефектите кои ќе ги предизвика одредена супстанца кај жената, па ја измамува за нивно употребување со цел да го олесни отпорот при напаѓање. Сепак, таргетираната ранливост на жените не вклучува само нејзина зависност или употреба на супстанци. Тука се вклучени сите ситуации кога потенцијалниот сторител на кривично дело го користи моментот на ранливост на жртвата, дали е тоа поради емотивност, општествена стигматизација, недостаток на сопствен кридибилитет и сл. Дури и ситуации кога самата жртва влетува во некакви „опасни" моменти или места, сама или без кредибилни сведоци (шетање во темна уличка доцна ноќе, сосем сама, посета на забава во друштво со лица кои претходно консумирале алкохол во значителни количини или наркотични супстанци и сл.).

Очекуваниот ризик пак, односно перцепцијата на самата жена за него може во одредена мера да биде нарушено, доколку жената консумирала алкохол, опојни дроги или психотропни супстанци, но и со високите или сосем ниски очекувања на жената кои можат да ѝ го поматат расудувањето. Сето ова може во одредена мера да влијае на ризикот од виктимизација.

## 4. Социолошки фактори

Гледано низ призмата на социолошките учења, однесувањето на единката се разбира единствено во контекст со нејзините односи и релации со други единки и општеството во целина[551]. За разбирањето на виктимизацијата на жената потребно е анализирање и на внатрешните психолошки фактори, но и на мноштвото **социолошки фактори** кои ја погодуваат индивидуата или дадена група.

Современата филозофија, исто така, ја нагласува и важноста на социокултурните фактори и нивната улога во обликувањето на поединецот, како и комплексните интеракции на личностите во рамки на одредени култури или социјални средини.[552] Така, колку и социоекономскиот статус на лицето или социјалното опкружување да можат да штитат од потенцијална виктимизација, истите тие можат и да придонесат во одредена мера за појава на ментални заболувања, развивање на зависност од определена супстанца и нормално покачување на ризикот од виктимизација. Кај жената социолошките фактори можат значително да влијаат, дури и далеку повеќе од биолошките, психолошките фактори или факторите на животниот стил, во тоа таа да се јави како жртва. Како стожери кои се вклучуваат во градењето на социоекономската слика на еден поединец се земаат семејството, пријателите, соседството и социјало-општествените норми. За жената, нискиот социоекономски статус (образованието, приходите и занимањето) се врзува со зголемување на проблемите врзани со психофизичките здравствени функции. Истражувања во САД[553] правени во крајот на дваесеттиот и почетокот на дваесет и првиот век покажуваат дека жените кои потекнуваат од домаќинства со многу ниски примања, имаат значително поголем потенцијал за виктимизација, зголемен им е ризикот од секаков вид на насилство, вклучувајќи го и сексуалното и насилството од интимен партнер. Главно, се смета дека животот со низок социо-еконосмски статус може да влијае во менталното и физичкото здравје на лицето, што ги прави лицата поподложни на консумација на супстанци со кои наводно сакаат да го заборават секојдневието, како и го зголемува ризикот истите да бидат виктимизирани или ревиктимизирани. Фамилијата, културата, колегите и поставените

---

[551] Ritzer, G., Classical sociological theory (3rd ed.), McGraw-Hill, Boston, 1999;
[552] Modell, J., The uneasy engagement of human development and ethnography. In R. Jessor, A. Colby, & R. Shweder (Eds.), Ethnography and human development: Context and meaning in social inquiry, Chicago: University of Chicago Press, 1996, pp. 479-504;
[553] U.S. Department of Justice;

стандарди за потенцијален партнер, можат значително да влијаат при неговиот избор, што пак има свој имакт врз однесувањето и толеранцијата на одредени однесувања. Сепак колку што социјалните фактори мораат да бидат земени предвид при одмерувањата на ризикот од виктимизација за жената, мора да бидат дадени и како потенцијален извор на сила за неа, односно како заштитен фактор и да се придонесе во нивно вметнување во програмите за интервенции.

### 5. Интерни фактори

Последната група на фактори која се смета дека дава свој придонес во создавањето услови за виктимизацијата на жената и покачување на ризикот од неа е групата на **интерни, односно внатрешни фактори**. Се работи за фактори кои имаат свое влијание во тоа како индивидуата перципира и респондира на позитивни и на негативни ситуации. „Ниту една емоционална криза не е целосен продукт на надворешните влијание или околности – така може само да наликува. Она кое претвора една објективна ситуација во субјективно критична, е интерпретацијата која индивидуата си ја прави за неа, значењето кое таа го има врз неговата емотивна економија и влијанието кое го остава зад себе врз неговата сопствена слика."[554] Се работи за строго интровертни фактори кои во корелација со останатите ја даваат сликата и степенот на можен ризик од виктимизација за жената. Овие фактори вклучуваат домен во кој стресните настани се доживуваат како заканувачки и во кој жените одговараат и развиваат индивидуализирани адаптации и копираат стилови за справување со вакви закани. Тука се вклучуваат три главни елемента: прво, начинот на кој се доживува или толкува определена ситуација, второ реакцијата која се дава во врска со ваквите ситуации и трето, когнитивни ограничувања на ситуациските проценки и проценките за одговорот (акумулиран стрес, повеќекратна виктимизација и психолошка злоупотреба). Овие фактори даваат престава за критичната улога која психолошкиот процес на индивидуата може да ја има при справување со виктимизирачко искуство. И токму овие фактори се клучни за префрлање на централното светло од групата кон поединецот, со што се навлегува во вистинско длабинско анализирање на ризиците од виктимизација. Останатите споменати фактори, за да можат да имаат каков – таков ефект врз индивидуата и врз конкретната положба, мораат да поминат низ последниот, односно, интерниот фактор како филтер за да добијат своја вредност и значење. Сите проценки се субјективни, па околности или настани кои можат да изгледаат очигледно ризично за едно лице, не мора да изгледаат така за друго. Во проценката влијаат знаењето и разбирањето на лицето, сеќавањето, предрасудите, личните цели, расположението и сл. Оценување на одредена ситуација се врши во контекст на флуктуирачки, истовремени и, најчесто, конфликтни емоции.

## Заклучок

Погоре споменавме дека, криминолошки гледано, жената многу почесто се јавува како жртва во кривично дело одошто сторител, а особено во делата каде е застапено насилството во сите негови форми, или, покрај физичкото и психичкото најзастапено е сексуалното, односно силувањето. При овие дела жената скоро секогаш е изложена на мултикратна виктимизација кои резултираат со константен страв, рестрикции во приватниот живот и животниот стил, како и тешкотии при секојдневните активности и вклучување во истите. Ефектите кај овие жртви се особено широки, долготрајни и можат да се чувствуваат години по самиот настан и да се репредизвикуваат постојано поттикнати од други трауматски искуства.[555] Последиците од

[554] Cook, J., The book of positive quotations. Minneapolis, MN: Fairview Press, 1997;

[555] Wolhunter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology, Victimization and Victims' Rights, Routledge – Cavendish, Taylor & Francis Group, New Yourk 2009, pg. 51

виктимизацијата на жената, покрај менталните и физичките, се гледаат и во создавањето на психички бариери кај жената за социјална адаптација, во домот, во работната средина, потоа во однос на идната сексуална активност и сопствена девалвација и не непочитување.

Родовите разлики при виктимизација се особено значајни за анализа, со цел навремено препознавање и подоцнежен третман. Пред сè, од причини што жената и почесто се јавува во улога на жртва, а потоа и што многу често постои и придружна виктимизација на нејзините деца, или има лица кои зависат од нејзина грижа и внимание. Преку виктимизацијата на жената многу често се оди многу подалеку од неа самата – кон виктимизација и на други лица. Поголем ризик е и фактот што статистички темната бројка на насилство (каде жената е најчесто жртва) е огромна, пред се пореди неадекватна превенција. Тука се засилува и ризикот кон преминување кон друго, потешко кривично дело или доведување во ситуација да жената изврши кривично дело. Затоа, се она кое е споменато погоре како засебен ризик фактор треба да се проучува со особено внимание, родова сензибилност и ослободено од предрасуди. Адекватно поставени параметри на препознавање на рана виктимизација одат паралелно со зголемување на можност за навремена превенција.

Сите овие погоре споменати ризици можат лесно да се јават и од другата страна на виктимизацијата. Колку што можат да имаат свој удел во нејзино создавање, и во зголемување на ризикот за нејзина појава, можат да придонесат и во градењето на заштита од неа, во реконструкцијата на животниот пат од деструктивните последици кои виктимизацијата ги оставила зад себе.[556]

**Користена литература:**


1. Cook, J., The book of positive quotations. Minneapolis, MN: Fairview Press, 1997;
2. Felson, M., Crime and everyday life (2nd ed.). Thousand Oaks, CA: Pine Forge Press, 1998.
3. Franklin., C., A., Flanklin, T., W., Nobles, M., Kercher, G., Risk Factors Associated with Women's Victimization, Crime Victims' Institute, Criminal Justice Center, Sam Houston State University, 2011, (http://www.crimevictimsinstitute.org/documents/Risk%20Factors%20Final%20Print.pdf);
4. H., Karolin, Zedner, L., Victims, victimization and criminal justice, The Oxford Handbook of criminology fourth edition, Oxford University Press, 2010
5. Hoyle, C., Zedner, L., Victims, victimization and criminal justice, The Oxford Handbook of criminology fourth edition, Oxford University Press, 2010
6. Logan, TK., Walker, R., Jordan, C., Leukefeld, C., Woman and Victimization, Contributing Factors, Interventions and Implications, American Psychological Association, Washington, DC, 2006
7. Modell, J., The uneasy engagement of human development and ethnography. In R. Jessor, A. Colby, & R. Shweder (Eds.), Ethnography and human development: Context and meaning in social inquiry, Chicago: University of Chicago Press, 1996
8. Ritzer, G., Classical sociological theory (3rd ed.), McGraw-Hill, Boston, 1999;
9. Wolhunter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology, Victimization and Victims' Rights, Routledge – Cavendish, Taylor & Francis Group, 2008
10. Асијел, И., Завера Чутања, Насиље у породици, Зборник радова са научног скупа, Правни факултет, Универзитет у Београду, Београд, 2012
11. Каневчев, М., Виктимологија – учење за жртвата, стр.100;
12. Константинович-Вилич, С. Жене Убице, Градина, ГРО „Просвета", Ниш 1986
13. Костич, М., Виктимологија – савремени научни поглед на криминалитет и његову жртву, Зборник радова правног факултета у Нишу, LIII, 2009


[556] Logan, TK., Walker, R., Jordan, C., Leukefeld, C., Woman and Victimization, Contributing Factors, Interventions and Implications, American Psychological Association, Washington, DC, 2006, pg. 131

14. Николич-Ристанович, В., Од жртве до затворенице: насиље у породици и криминалитет жена, Београд: ИКСИ, ВДС & Прометеј, 2000